| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Нацрт План за управување со Заштитен предел „Малешево“ за период од 2023-2032 |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Јавно Претпријатие Национални Шуми, Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Одобрување на Планот за управување го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата (МЖСПП), а го усвојува Управниот одбор при ЈП „Национални шуми“ – Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Валентин Груевски |
| **Назив на работното место** | Генерален директор,<br>Јавно Претпријатие Национални Шуми, Скопје |
| **Контакт податоци за лицето** | **02/2581-080** |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Во декември 2021 година, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје од категорија V – заштитен предел („Сл. весник на РСМ“, бр. 286/2021). Подрачјето е заштитено заради разновидноста и богатството на биолошката разновидност, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните, пределните и други вредности и природни убавини.<br>Со Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитен предел (во понатамошниот текст ЗП), ЈП „Национални шуми“ - Скопје е назначено за управувач со ЗП „Малешево“.<br>Како задолжен субјект за управување, ЈП „Национални шуми“ има обврска да изработи План за управување, во согласност со законските прописи, режимот за заштита во одделните зони, потребите за заштита на природните вредности и потребите за унапредување и развој на подрачјето.<br>ЈП „Национални шуми“ започна со изработка на Планот за управување во јуни 2022 година, кој е изработен во согласност со одредбите од Законот за заштита на природата (член 84, 85, 86, 98 и 99) и Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата („Сл. весник на РМ“ бр. 26/2012). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – Во согласност со член 65 став 2, Стратегиска оцена на животната средина се спроведува на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени согласно закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | Член: 3 | Точка: 17 | Алинеја: / |
| | Плански документ за управување со заштитените подрачје | | |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Во Планот за управување со заштитеното подрачје предвидени се цели, програми/подпрограми, како и | | | |

мерки за постигнување на целите за секоја поединечна програма/подпрограма. Дел од мерките вклучуваат активности за подобрување на инфраструктурата, подобрување на туристичките услуги, развој на сточарството, управувањето со отпад, производство на енергија и сл. За дел од мерките и нивна имплементација ќе се изработува проектна документација. Врз основа на видот на активноста и нејзиниот обем ќе се утврдува потребата од спроведување на оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во согласност со барањата на законот за животна средина и под законските акти.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Целите за управување со категорија V - заштитен предел се дефинирани со членот 86 од Законот за заштита на природата и се однесуваат на:

- Одржување на хармонична интеракција меѓу природата и културата, преку заштитата на пределот и продолжување на традиционалниот начин за користење на земјиштето, како и одржување на историското и културното наследство;
- Спречување на активности за искористување на земјиштето кои не соодветствуваат на заштитата по својот обем, интензитет и карактер; и
- Организирање на јавни посети, туристичко-рекреативни активности, како и воспитно-образовни и научноистражувачки активности, во согласност со степенот на заштита, а во врска со постојните карактеристики на подрачјето.

*Основни цели за заштита и управување со ЗП „Малешево“ се:*

*Цел 1.* Да се зачуваат пределските карактеристики на Малешево, преку заштита на специфичните шумски, тревести и водни екосистеми, кои се одржуваат со непосредна интеракција на локалните заедници и нивните традиционални навики.

*Цел 2.* Да се зачуваат и заштитат национално, европско и меѓународно значајните видови и живеалишта преку институционална и прекугранична соработка.

*Цел 3.* Да се применат современи, одржливи и еколошко прифатливи практики за управување со шумите на Малешево, со кои се води грижа за природните вредности, биолошката разновидност и исполнување на социоекономските аспекти.

*Цел 4.* Да се постигне одржливо користење на природните ресурси со исполнување на највисоките стручни и етички стандарди.

*Цел 5.* Малешево да биде привлечно место за одмор и рекреација за домашните и странски посетители, задоволни од руралните природни вредности и локални производи и услуги.

*Цел 6.* Природните и културните вредности на Малешево да бидат основа за спроведување на едукативни, научни и истражувачки активности.

*Цел 7.* Телото за управување со ЗП Малешево да поседува стручни и административни капацитети за управување со подрачјето и да остварува соработка со засегнатите страни.

За исполнување на зададените цели, во Планот за управување со ЗП „Малешево“ дефинирани се осум програми. Заради комплексноста на секоја од програмите, мерките се групирани во потпрограми. Во Планот е опишана потребата за дефинирање на секоја од програмите, посебните цели, мерките и очекуваните постигнувања од реализација на истите. Планот содржи Оперативен план во кој се прикажани мерките и активности за кои е предвидено ЈП „Национални Шуми“ да ги спроведе во првиот петгодишен период (2023-2027).

Оперативниот план се подготвува за секоја од осумте дефинирани програми и содржи потпрограми со јасно дефинирани цели. За секоја програма (заедно со вклучените потпрограми) изработен е план за спроведување кој ги содржи следните елементи: *Мерки и активности* за постигнување на целта на програмата/потпрограмата; *Индикатор за приоритет* со три степени за одредување на приоритетноста на активностите; *Индикатор на исполнување*: кој ќе го олесни мониторингот на имплементацијата на планот преку укажување како да се мери успешната имплементација; *Временска рамка за имплементација на активностите*, за период од пет години, која покажува во која година треба да се исполни активноста; *Носител на активноста*: се однесува на субјектот кој е одговорен за реализација на активноста или на еден или повеќе надворешни партнери со кои би соработувал субјектот; *Предлог-буџет и можен извор за финансирање*.

Мерките во Оперативниот план, како дел од Планот, вклучуваат конкретни активности, за подигнување на степенот на управување со природното и културното наследство. Имплементацијата на дел од мерките предвидени во Оперативниот план може да допринесат за негативни влијанија врз животната средина, нивната имплементација може негативно да се одрази врз планираните активности/проекти во останатите плански документи од повисок ранг или на локални планови, или пак да предизвикаат влијанија од социо-економски аспект. Врз основа на ова се донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Управување со заштитено подрачје.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2023-2032

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

10 години

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Планскиот опфат кој е предмет на Планот за управување со ЗП „Малешево“, зафаќа површина од 11.460,89 ha и притоа претставува една природна целина.




**Слика 1** Надворешни граници на ЗП „Малешево“

Од административен поглед општините Берово и Пехчево припаѓаат кон Источниот плански регион и се дел од сливното подрачје на реката Брегалница.

Вкупната површина на општина Берово изнесува 601 $km^2$ (Христовски et al. 2015). Општинската граница на Пехчево е помала и зафаќа површина од 205 $km^2$ (ibid.). Според тоа регионот Малешево опфаќа 806 $km^2$, каде што околу 52% од површината е прекриена со шума. Од целокупната површина на регионот Малешево, 540 $km^2$ припаѓаат на сливот на реката Брегалница.

Положбата на општините Берово и Пехчево е во крајниот источен дел на државата. Општината Берово се граничи со општините Пехчево и Делчево на север, на југ со општините Ново Село и Василево, на запад со општината Радовиш и на исток со Бугарија. Од друга страна општината Пехчево на јужната и источната страна се граничи со општината Берово, на север се граничи со општината Делчево и на исток со Бугарија.




Слика 2 Административни граници на општините Берово и Пехчево

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да☒<br>Не☐ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Планот за управување со ЗП „Малешево" ќе има значително позитивно влијание врз биолошката разновидност, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните, пределните и други вредности и природни убавини, животната средина, локалниот развој и сл. Меѓутоа, имплементацијата на дел од мерките предвидени во оперативниот план може да допринесе за негативни влијанија врз животната средина, негативно да се одрази врз планираните активности/проекти во останатите плански документи или пак да предизвикаат негативни влијанија од социо-економски аспект. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста, времетраењето, фрекфентноста и повратноста на негативните влијанија кои ќе потекнуваат од конкретни проекти активности ќе се утврди на ниво на конкретни плански и проектни активности. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Кумулативните негативни влијанијата кои ќе потекнуваат од конкретни проектни активности ќе се утврдат на ниво на проектна документација. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Имплементацијата на Планот може да предизвика прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на** | Влијанијата кои ќе потекнуваат од конкретни проектни активности ќе се утврдат на ниво на проектна документација. |

| | |
|---|---|
| **несреќи)** | |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Територијата на Општините Берово и Пехчево, со вкупно население 19458, како и целиот Малешевски регион. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Имплементацијата на Планот позитивно ќе влијание врз социо-економскиот развој на општините, отворање на работни места и сопствени бизниси, развој на туризмот, земјоделството, стимулирање на развојот на останатите дејности, подобрување на начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, уреденост на просторот и сл.<br>Но, во зависност од видот и обемот на активностите кои треба да се имплементираат може да се очекуваат и негативни социо-екомомски влијанија изразени како социекономски загуби кои може да бидат предизвикани како резултат на одредени ограничувања во начинот на користење на земјиштето и изведување на одредени активности, можни рестрикции за урбанизација на подрачјето и сл. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Со имплементација на Планот се предвидува заштита на природното и културното наследство во рамките на подрачјето на ЗП „Малеш“. Имплементацијата на конкретните проектни активности може да предизвика негативни влијанија на одредени локации кои располагаат со значајна вредност на природните и културните аспекти. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Генерално имплементацијата на мерките ќе придонесе за подобрување на стандардите за квалитет на животната средина. Меѓутоа влијанијата кои ќе потекнуваат од имплементација на конкретни проектни активности може да предизвикаат надминување на граничните вредности на емисии во медиумите од животната средина. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во оваа фаза не може да се одреди употребата на земјиштето за имплементација на дел од активностите предвидени во оперативниот план. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Имплементација на планот е во насока на зачувување на пределските карактеристики и истиот ќе има позитивни влијанија. Мерките од Планот ќе придонесат за подобрување на состојбата на областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални заштитени подрачја.<br>Меѓутоа влијанијата кои ќе потекнуваат од имплементација на конкретни проектни активности во кои ќе бидат вклучени градежни активности може да предизвикаат краткорочни негативни влијанија врз пределот, односно пејзажот. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>За имплементација на активностите, предвидени со Планот, ќе се изготвуваат: извештаи за стратегиска оцена на животната средина (на ниво на планска документација), студии за оцена на влијанијата врз животната средина и Елаборати за заштита на животната средина (на ниво на проектна документација). | |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Прашањето не е релевантно во оваа фаза на развој на планскиот документ. | |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Мерките за заштита и унапредување на пределот ќе допринесат за намалување на притисоците и загубите на екосистемите, биолошката разновидност, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики и | |

други природни вредности преку реализација на директните активности кои потекнуваат од оперативниот план. Интегрирање на истите во другите сектори ќе резултира со нивна заштита и зачувување, како и намалување на влијанијата врз животната средина и здравјето на населението.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Имплементацијата на мерките од Планот ќе допринесат за директно или индиректно намалување на притисоците и заканите врз биолошката разновидност, природното и културното наследство, здравјето на населението, водниот потенцијал, квалитетот на почвата, начинот на управување со отпад и сл.

Имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика промена во другите секторски политики и донесени стратегии, како и во плановите кои треба да се прилагодат во функција на обезбедување соодветна заштита на природните вредности.

Имплементацијата на некои од мерките предвидени во Оперативниот план може да бидат извори на емисии кои ќе предизвикаат негативни влијанија врз медиумите од животната средина. Имајќи ја предвид сензибилноста на подрачјето мора да се согледаат сите можни влијанија, ризици и опасности и да бидат превземени мерки за контрола на емисиите, со цел да се намалат или избегнат негативните влијанија врз медиумите и областите од животната средина и здравјето на населението.

**Објаснете како планскиот документ, кој е предмет на разгледување, е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Корелација на Планот за управување со ЗП „Малешево", со стратегии, планови, програми и во хиерархијата на планирање:

- Просторен План на РМ (2002-2020);
- Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план (2018-2023);
- Националната стратегија за заштита на природата (2018-2028);
- Стратегија за Регионален развој на РСМ (2021-2031);
- Стратегија за развој на енергетиката во РСМ до 2040 година;
- Трет национален план на РМ кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, 2014;
- Националниот акциски план за борба против опустинување во РМ (2017-2023);
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030);
- Националниот план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019);
- Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027);
- Национален план за органско земјоделство на РМ (2013-2020);
- Програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството (2018-2024);
- Стратегија за одржлив развој на шумарството во РМ (2006);
- Национална Стратегија за води (2011-2041);
- Национална транспортна стратегија (2018-2030);
- Национална стратегија за развој на туризмот во РМ (2016-2021);
- Национална стратегија за рурален туризам (2012-2017);
- Национална стратегија за Механизмот за чист развој (2008-2012);
- Стратегијата за мониторинг во животната средина, 2004;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште во РМ (2012-2020);
- Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020);
- План за управување со отпад на РСМ (2021-2031);
- Стратегија за демографски развој на РМ, 2008-2015;
- Национална стратегија за развој на културата во РМ (2018 – 2022);
- Национална стратегија за животна средина и климатски промени, 2014,
- Стратегија за развој на туризмот во источниот плански регион со акционен план (2016-2025);
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ (2010-2020);
- Национална стратегија за млади за периодот 2016-2025;
- Просторен план за Источен плански регион (2013-2030) (во процедура на донесување),
- Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026);
- Пилот Регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план (2020-2025);
- Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион, 2014;
- Стратегија за туризам со акционен план за општина Берово (2020 – 2030);
- Стратегија за развој на руралниот туризам на општина Пехчево (2018 – 2023);

- Стратегија за Локален економски развој и профил на Општина Берово со акционен план (2014-2019);
- План за управување со отпад на општина Пехчево (2013-2019);
- Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево (2020-2022);
- Интегриран план за локален развој на општина Берово (2019-2022);
- Плански и стратешки документи донесени на локално ниво и др.

Целите на Планот за управување со ЗП „Малеш“, со целите на горенаведените документи во целост ќе бидат опфатени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Постапка за стратегиска оцена на животната средина е водена за голем дел од националните, регионалните и локалните плански и стратешки документи како на пример: Националната стратегија за транспорт, Стратегијата за води, Третиот национален план на РМ кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, Стратегијата за биолошка разновидност на Република Македонија со Акционен план (нацрт), Националната стратегија за заштита на природата, Регионален План за управување со отпад во ИПР, Просторен План за ИПР и др.

Во сите овие документи се препорачува примена на директни мерки на заштита на природното наследство, како и примена на мерки за заштита на одредени медиуми и области од животната средина кои индиректно ќе придонесат за заштита или унапредување на состојбата на природното наследство.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

При спроведување на мерките од Оперативниот план, за дел од активностите ќе биде потребно подготовка на план или проект, за кои ќе се изработуваат: извештаи за стратегиска оцена на животната средина, студии за оцена на влијанијата од проектот врз животната средина или елаборати за заштита на животната средина на ниво на проектна документација, со посебен осврт во анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), здравје на населението, воздух и клима, вода, почва, биолошка разновидност, природно и културно наследство, материјални добра, отпад, бучава, вибрации, несреќи и хаварии и сл.

Сите можни влијанија ќе се анализираат во подготвителна, градежна, оперативна и постоперативна фаза и ќе се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Директор<br>Валентин Груевски |
| Место Скопје | М.П. |